Џабир Дерала

# Пресуда

Културна установа Блесок

ЕДИЦИЈА БОРЕА

2014

Copyright © Џабир Дерала и Блесок, 2014.

Ниеден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран на кој било начин без претходна писмена согласност на издавачот.

Книгава е објавена во соработка со

SHORTCUT
film production, arts & publishing

CRYPTOCHROMATIC
project

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје
821.163.3-1

ДЕРАЛА, Џабир
Пресуда : (поема) / Џабир Дерала ; Мирослав Стојановиќ-Шуки. - Скопје : Блесок, 2014. - 81 стр. : илустр. ; 17 см. - (Едиција Бореа ; кн. 35)

Белешка за авторот: стр. 81

ISBN 978-9989-59-629-2
COBISS.MK-ID 97508874

**Џабир Дерала**

# ПРЕСУДА
**(поема)**

цртежи:
Мирослав Стојановиќ - Шуки

Културна установа БЛЕСОК
Скопје, 2014

## СОДРЖИНА

Предговор 7

Пресуда 11

I. ТРАГЕДИЈА. ПРАЗНИК.

Саркс 15
Стариот мудрец 18
Поетот 19
Бог 21
Луѓето 23
Ноќта кога човек уби бог 25
Трагедијата 27
Сатирот и девицата 30

II. ОБЉУБА. КАЗНА.

Бегство и заробеништво 35
Искушение и распетие 37
Жед и гревови 39
Убиство и сознание 41
Повторна средба 45
Исповед 46

## III. РАЗГОВОР. УБИСТВО.


| | |
|---|---|
| Соочување | 51 |
| Без одговор | 54 |
| На крајот на патот | 57 |


## IV. МОЛК. ЗАМИНУВАЊЕ. КРАЈ.


| | |
|---|---|
| Два гласа во најчудниот час | 63 |
| Знак и колеж | 64 |
| Пофалба | 67 |
| Линч | 70 |
| Смртта на молкот | 71 |
| И бог се појави | 72 |
| И пресуди бог | 75 |
| Заминување | 76 |
| Песна што не е песна | 77 |
| Крај | 79 |
| Белешка за авторот | 81 |

ПРЕДГОВОР

<u>25 јануари 2014</u>

Го започнав овој ракопис во 1991 година и го пишував, со прекини, до крајот на 1992 година. Делови пишував на рака, а некои на машина за пишување. Пред истекот на годината, ги собрав сите парчиња и ја исковав оваа Пресуда. Но, таа не беше довршена, иако така изгледаше на прв поглед. Го знаев тоа и затоа не решавав да ја обелоденам. Ја прочитаа само неколкумина пред долги години. Се навраќав од време на време на ракописов, но не правев ништо. На крајот од секое читање си велев дека е цела, но недовршена, колку и да звучи противречно тоа. И мене ми звучеше противречно, но секако ја ставав во фиоката со недовршени ракописи. Во меѓувреме, замолив една другарка да го внесе ракописов во компјутер. Намерно не сакав јас да го направам тоа, бидејќи ќе го касапев попат. А знаев дека нешто во мене не е подготвено за тоа.

Сега знам. Дваесет и една година ми недостигаа стотина стихови во оваа поема. На 25 јануари 2014 година, еден месец пред годишнината од смртта на брат ми, како и секој друг 25-ти во месецот, кренав ѕидови околу себе и седев сам со својата тага. Од рано утро до пладне, седев, пушев цигари и тихував. На моменти се приклучував онлајн за да оддадам лажни знаци на поинаков живот, па се притајував повторно меѓу ѕидовите на собата што беше наша заедничка, кога бевме деца и момчиња. Претежно гледав во тапетите кои се исти над две децении и на кои има ситни траги од црно хемиско пенкало насекаде, како дел од дезенот. Не знам кој ги направи, брат ми или јас.

Попусто се обидувам да се сетам, еве неколку години откако сфатив дека ситните потези на секои два-три квадратни сантиметри се од пенкало, а не се отпечатени на тапетите.

Смртта вткаена во бројката на датумот, воздухот, нијансите на сиво во денот, чадот од цигарите, насловите на полиците, паковките од чоколадото, спомените и дупките во сеќавањето почнаа да шепотат.

Околу пладне, воден од тој шепот, го отворив фолдерот со недовршености и ги напишав стотете стихови кои недостасуваа. Ги расеав низ ракописот во мали дози, ги запретав со пепелта на старите стихови и мисли, за да не се препознаат. Ни едните ни другите не се побунија. Напротив, се поздравија како добри пријатели кои одамна се немаа видено. Додека го гледав тоа повторно обединување на кое не му претходела разделба, тагата се преточуваше во некој друг материјал кој често го гледам и допирам, но му немам дадено име.

На крајот од ова попладне измешано со студени капки и ситни, остри снегулки од небото, емоции кои како црна переа лебдат во воздухот и ретките звуци од животот надвор од оваа соба, ја започнувам оваа белешка, убеден дека, конечно, го завршив мојот дел од овој ракопис-пресуда.

Светлината од темниот ден ја заменив со жолтата светилка и решавам да ја предадам оваа творба на понатамошно доврвшување во утробата на моите читатели. Приказнава изобилува со премини и ходници кои водат кон паралелни светови, кои ќе останат нераскажани до наредната експлозија.

Не барам разбирање, бидејќи ни самиот го немам за себе. Ова писание е уште еден аспект на стрмоглавиот трк низ мислите и чувствата, низ внатрешните битки со сеништата, вербата и губењето верба, истовремено и постојано, со години и децении.

Кога халуцинациите и кошмарите ќе се отелотворат и ќе ми се насмеат рапаво и саркастично, сфаќам дека ништо на овој свет не е така како што се обидуваме да си го прикажеме. Во секој дел од секундата, нашата жед за живот впрегнува милиони џуџиња кои се претвораат во пиксели на лажни слики внатре и надвор од нашите битија. Тие џуџиња се стражари на нашата бледа човечност. Бледа, затоа што сме смртно исплашени од визиите и реалноста кои се зад тенкиот, фин материјал на лагата.

Нашата жед за живот ја гаси жедта за знаење. Нашата жед за знаење го гаси животот. Во меѓувреме, ноќта се спушта и единствената реалност е зад оваа страница.



# ПРЕСУДА

Ветрови
Ветрови
Силни ветрови се кренаа

Се помрачи умот
Се помрачи небото на Едното
Небото на постоењето

# I. ТРАГЕДИЈА. ПРАЗНИК.



## САРКС

Низок човек изникна од мракот
Прв! Претходница на сиот виор
од нечовештини
студенила и пепел

Голем, сплескан нос, небаре мрсен штит
Лицето му го покрива
Очите ситни, подадени нанадвор како жаба
Светкаат под мракот на ќулавката
Образите испиени, тесно, високо чело
Косата разбуштравена, ушите големи
Устата развлечена преку лицето
Силни, неправилни вилици

Старата наметка мувлосана, само припокриен
Телото ковчесто, исушен како прат
Црн дремеж околу очите го демне
Се најде изникнат далеку од дома

Чекори ситно, растресено
На своите долги, расклатени нозе
Висок и тенок
Се упатил Саркс кон градовите
Пеколна врева ја тресе земјата
Грд човек

Грозна грутка во грлото
Премаленост и тегоба
Гнев и горчина

*

Олтари на студот
Олтари на страшлива тишина
Најразновидни симболи на смрт
Но смрт покајничка
И понижена
Смрт заводлива

Мисли
Тажниот знак на неплодноста
Мислата за доброто и злото
Мисли

*

Гласници на ситнежот
Ситни сенки на животот
Соблазнети!
Каде сте? Сите испосокриени
Во своите куќи искапени во жолта светлина
Засмрдени, каде што воздухот е како каша
Топол, згуснат од кандила воздух

Каде сте?
Сите да ве видам како на дланка!
Каде сте?
Озарени!

СТАРИОТ МУДРЕЦ

Тивко, во калта
Живот во темни и калливи предели
Со постојан трепет во телото

Нешто што не познавме
Нешто што добро запознавме
Низ долгите ступкани векови

*

Така проговори стариот мудрец во тој тивок час
пред првите мугри на страшниот празник.
Огнот му го осветлуваше лицето
и маслинката беше над него како покривка.
Козата крај него беше се разбудила
и кинеше од тревата крцкајќи со забите.

*

Тивок и молчалив
Гледа во тајните како низ бистра вода
Далеку од светот
Длабоко во светот

# ПОЕТОТ

Уште едно суштество се спушта надолу
По стрмнините, налик на сенка

Трескоти земјата
Пеколна врева – празник!
Слави Земјата една нова мена
Ги слави своите древни сокови

Слаб, извишен, ги протега своите цврсти
Жилави бедра преку стрмното ридиште
Стапалата разранети од острите карпи
Секој чекор, трепет на ишибаното лице

*

Лицето избрусено од ветрови, зима и дожд
Нежно лице
Очите длабоко всадени под темното чело

Скокаше, извишувајќи се меѓу трњето
На неплодните карпишта
Трњето го закачуваше
Го драскаше по нозете, плеќите, ребрата

*

Наеднаш, се заниша и падна. Се стркала. Удри во еден остар камен. В слабини му се заби остриот шилец. И потече крв.

Се исправи полека, бревтајќи од болка. Стори еден чекор и повторно падна со лицето право на каменот. Му скрцкаа забите, му излета воздухот од градите низ крик. Крв му се наполни устата, застенка. Стана, оближувајќи се со јазикот стврднат, здрвен. Со рацете цврсто се фати за гранките од калиново дрво.

Легло на полжави и некакви кратки змијулчиња светкаше под неговите нозе, небаре студени искри, немирни. Светликава трага водеше долж патеката нагоре и надолу по ридот. Младичот сето време одел по таа лигава патека и сега пред самиот крај од патот до градот, се сопна.

Зад него сонцето пробиваше пат низ ноќта.

*

„Скоро ќе е утро", изусти тивко изранетата сенка,
„Фала им на боговите за овие знаци.
Фала им на боговите за овие исцелувачки рани.
Во една од овие ноќи мојата песна ќе убие туѓ и зол демон.
Во една од овие ноќи ќе се роди голем поет".

И скина една калинка и сета ја исцеди со забите.
Жедта му стивна и силен се упати надолу кон градот.